**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Слободанка Колоска**
**именуван за подрачјето на**
**основните судови**
**Охрид, Струга и Дебар**
**ул. Димитар Влахов 13/9**
**izvrsitel.koloska@gmail.com**
**тел. 046/256-420;070/359-383**

**Образец бр.66**

**И.бр.568/17**

Извршителот **Слободанка Колоска** од **Охрид** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **Стефан Николоски** од Охрид со живеалиште на ул.Момчило Јорданоски бр.142, преку полномошник адв.Гоце Стојановски Охрид засновано на извршните исправи МалвП-59/17 од 29.04.2017 на Основен суд Охрид и ГЖ-1637/17 од 02.10.2017г. на Апелационен суд Битола, против должникот **Богољуб Димитријески** од Охрид со живеалиште на ул.Васил Главинов бр.2/8, за спроведување на извршување во вредност 60.000,00 ден.,на ден 27.11.2024 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) 185 став (4,5 )од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА трета продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

**1.** земјиште запишана во **Имотен лист бр.1648 за КО Бањица при АКН-ОКН Гостивар** со следните ознаки: КП.бр.2588, викано место СЕЛО, култура зз/л, класа 3, во површина од 337 мкв, која се наоѓа во сопственост на должникот **Богољуб Димитријески**,

**2.** 2/6 од градежно неизградено земјиште, запишана во лист Б од **Имотен лист бр.101303 за КО Бањица при АКН-ОКН Гостивар**, со следните ознаки: КП.бр.2591, викано место Село, култура гз/гнз, површина 204м2, која се наоѓа во сосопственост на должникот **Богољуб Димитријески**,

Продажбата ќе се одржи на ден **17.12.2024 год во 11:00 часот** во просториите на Извршител Слободанка Колоска во Охрид.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со Заклучок на извршителот И.бр.568/17 од 15.04.2024г., а намелена за 1/3 на предлог од доверителот со Поднесок од 01.08.2024г., согласно чл.185 ст.2 од ЗИ, изнесува:

**1.** на недвижноста запишана во **Имотен лист бр.1648 за КО Бањица при АКН-ОКН Гостивар** со следните ознаки: КП.бр.2588, викано место СЕЛО, култура зз/л, класа 3, во површина од 337 мкв, сопственост на должникот Богољуб Димитријески, **СЕ УТВРДУВА на износ од 483.595,00 денари како почетна цена за продажба на недвижноста.**

**2.** на недвижноста означена како **2/6** од градежно неизградено земјиште, запишана во лист Б од **Имотен лист бр.101303 за КО Бањица при АКН-ОКН Гостивар**, со следните ознаки: КП.бр.2591, викано место Село, култура гз/гнз, површина 204м2, сосопственост на должникот Богољуб Димитријески, **СЕ УТВРДУВА на износ од 97.580,00 денари како почетна цена за продажба на недвижноста,**

**односно вкупна вредност 581.175,00ден. за двете недвижности под која вредност недвижностите не може да се продадат на третото јавно наддавање. Двете недвижности се продаваат заедно.**

Недвижноста запишана во **Имотен лист бр.1648 за КО Бањица при АКН-ОКН Гостивар** е оптоварена со следните товари и службености: Налог врз недвижност И.бр.568/17 од 27.12.2017г. на поранешен извршител Иван Митаноски Охрид.

Недвижноста запишана во **Имотен лист бр.101303 за КО Бањица при АКН-ОКН Гостивар** е оптоварена со следните товари и службености: Налог врз недвижност И.бр.568/17 од 29.08.2023г.на извршител Слободанка Колоска Охрид**.**

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижностите, односно износ од **58.118,00 ден.** за двете недвижности.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со **бр.210073986200278** која се води кај НЛБ банка АД Скопје и даночен број 5020019504637, со назнака **гаранција по И.бр. 568/17.**

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Даночните обврски по основ на продажбата паѓаат на товар на купувачот.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, **во рок од 15 дена од денот на продажбата,** во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање „Нова Македонија“ и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Слободанка Колоска

**Д.-на**: Доверител, Доплжник,Комора на Извршители,
Општина Гостивар-даночно одделение, УЈП Гостивар,
Соседи и Сосопственици.

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.